**БРАКО е македонска металопреработувачка компанија која е основана во 1947 година и која произведува огромен асортиман на производи. Денес БРАКО е извозно ориентирана компанија со преку 500 вработени, каде над 90% од производите се наменети за извоз и претставува препознатлив бренд за производство на секаков вид жичани производи, тешки метални конструкции (куќишта за хидро турбини, модуларни контејнери итн.), широка палета на медицински мебел и медицински помагала како и препознатливите возила за чистење улици и јавни површини чие производство, склопување и развој се врши во Република Македонија.**

---

Доколку сте личност која е во постојана потрега по нови предизвици, сакате динамична работна средина, имате страст кон креирање на нови производи и претпочитате работа во тимска средина БРАКО ДОО Велес има потреба од

# МАШИНСКИ ИНЖЕНЕР

## За програмирање и работа на CNC машини

### ШТО НУДИМЕ:

- Можност за работа во современа работна средина,
- Можност за работа во докажана компанија со преку 500 вработени,
- Можност за постојано надградување во кариерата преку учество на секаков вид на саеми, семинари и обуки во земјата и странство
- Можност за соработка со докажани интернационални партнери
- Обезбедена кетеринг исхрана на трошок на компанијата

### РАБОТНИ ЗАДАЧИ:

- Организација на процесите на производството
- Развој и подобрување на постојните производи и документација
- Програмирање на CNC машини за сечење со користење на соодветен софтвер
- Подесување на програми со параметри за сечење на материјали
- Подготовка на соодветна техничка документација за нови производи

### ПОТРЕБНО ОБРАЗОВАНИЕ И СПОСОБНОСТИ:

- ВСС - Дипломиран машински инженер – предност ќе имаат кандидати од производно машинство
- Работно искуство и  познавање на работа во SolidWorks
- Работно искуство и  познавање на работа во Autocad
- Одлично познавање на англиски јазик
- Напредно познавање на работа со MS Office како и работа со апликативен софтвер
- Работно искуство во производна компанија ќе се смета за предност
- Способност за подготовка на контролна документација и имплементација на контролни процедури и документирање на истото
- Возачка дозвола Б-категорија

### ВЕШТИНИ

- Подготвеност за работа во динамична средина
- Ефективност, ефикасност и одговорност при исполнувањето на обврските
- Посветеност, мотивираност, иницијативност
- Тимска работа и кооперативност

**Работното време за работната позиција е од понеделник – петок од 08:00 часот – 16:00 часот**
**За кандидатите со живеалиште надвор од Велес организиран е превоз до работното место.**

**Со самото доставување на потребната документација се согласувате ДПТУ БРАКО ДОО Велес да ги обработува вашите лични податоци за потребата на регрутација или вработување и истите да ги чува во базата на податоци подолго од 12 месеци.**

**Само кандидатите кои ќе влезат во потесна селекција ќе бидат контактирани.**

**Прашања и повеќе информации на тел. 075 293 691.**